**Република Македонија**
**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**бул. „Јане Сандански“ бр. 109-Б**
**1000 Скопје**

**ОА-ЗП-ОСКЗ-02**

До:
Министерство за труд и социјална политика на РМ
ул. „Даме Груев“ бр. 14, 1000 Скопје

## Известување

Почитувани,

Врз основа на член 8 став 4 и член 15 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 6/2012, 166/2014 и 150/2015), како и согласно Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 46 од 23.03.2015 година), Општина Аеродром го доставува пополнетиот образец „Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности на жените и мажите“ за 2015 година во Општина Аеродром со статистички податоци разделени според пол.

Наведениот извештај претходно беше разгледан и усвоен од членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Аеродром и истиот Ви го доставуваме во прилог на овој допис.

**Изготвил:**
Координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром
Помлад соработник за култура
Јелена Пејановиќ

**Контролирал-Одобрил:**
Раководител на Одделение за образование, спорт и култура
Мери Славковска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
СКОПЈЕ

| Примено: | 04-04-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

**Градоначалник на**
**Општина Аеродром**
**Ивица Коневски**

Дата, 01.04.2016 година

Прилог:

- Пополнет образец „Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности на жените и мажите“ за 2015 година во Општина Аеродром со статистички податоци разделени според пол;
- Копија од Записник од седницата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со број 09-149/1 од 31.03.2016 година;
- Програма за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите на Општина Аеродром за 2015 година („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 24 од 11.12.2014 година);
- Извештај за реализирани активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година со Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот („Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.2 од 09.02.2016 година);
- Извадок од Правилник за систематизација на работните места во ОА (бр. 04-6184/1 од 27.08.2015 година);
- Копии од три Записници од седници на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, одржани во текот на 2015 година со броеви: 09-82/1 од 23.02.2015 година; 09-140/1 од 31.03.2015 година и 09-495/1 од 15.12.2015 година.

# Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Аеродром |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Јелена Пејановиќ, помлад соработник за култура во Одделение за образование, спорт и култура и Координатор за еднакви можности на жените и мажите |
| **Период на известување** | Од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 01.04.2016 година |

**Име и презиме** (**Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**
**Ивица Коневски, градоначалник на Општина Аеродром**
**Дата,** 01.04.2016 година
**Потпис:** ______________

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

**Име Презиме** (**на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :**

**Потпис:**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

Општина Аеродром нема усвоено План за основни и посебни мерки, но има работено на проекти и реализирано активности во текот на 2015 година.

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**
Нема.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**
Нема.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])
Нема.

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**
Нема.

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС:**
Нема.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**
Нема.

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**
Нема.

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**
Нема.

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**
Здруженијата и организациите на жените се известувани за сите активности и настани кои се случуваат во Општината, со цел да жените повеќе учествуваат во нив, да се обучат и охрабрат за поголема иницијативност и слично.
Општината е вклучена во три проекти кои се реализираат во соработка и со финансиска поддршка од UN Women, UNICEF, Македонско женско лоби и ЗЕЛС.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

Во прилог се доставени статистичките податоци разделени според полот, кои се однесуваат за Општина Аеродром за 2015 година (за општинската администрација, членовите на Советот на Општината, основните училишта, градинките и за жителите на Општина Аеродром). Истата база секоја година се ажурира и дополнува со нови податоци.

**2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**

Не, но има Програма за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година, според која се реализирани активности од наведената област.

**2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**

**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**

Општина Аеродром во текот на 2015 година беше вклучена во активности во три проекти од областа на еднаквите можности на жените и мажите, кои продолжуваат и во 2016 година и тоа:

**Проект 1: Програма за менторирање** – Од септември 2014 година е отворен Центар за ран детски развој „Слонче“ во ПОУ „Гоце Делчев“ во Долно Лисиче во соработка со Македонско женско лоби, кој работи во состав на ЈУДГ „Буба Мара". Општина Аеродром го отвори Центарот во соработка со УНИЦЕФ, во рамки на иницијативата „Првите 5 се најважни на свет" и истиот центар работеше во континуитет во текот на целата 2015 година, а ќе продолжи со работата и во 2016 година. За наведениот проект е извршена евалуација која се одржа во Општина Аеродром на 22.09.2015 година од страна на претставничката на Македонското женско лоби.

**Проект 2:** UN Women ја вклучи Општина Аеродром како пилот-општина во **Регионалниот проект за „Промоција на Родово одговорни политики и буџети во југоисточна Европа“** (втора фаза), а во јуни 2014 година беше потпишан меморандум за разбирање помеѓу UN Women и Општина Аеродром. Проектот траеше во текот на целата 2015 година, а ќе продолжи и во 2016 година и се однесува на зајакнување на локалните механизми и капацитети за имплементација на локалните и национални стратешки документи во областа на родовата еднаквост и родово одговорното буџетирање.

Во врска со тоа, беа извршени повеќе активности и анализи, како и *„Проценка на процесот на креирање политики, буџетирање и децентрализација на локално ниво – родово буџетска анализа на програми на ЕЛС“*, конкретно Општина Аеродром за анализа ја достави Програмата за образование за 2014 година. Во рамките на анализите, Општината пополни неколку прашалници со кои се анализираше стратешкото планирање на општината, процесот на планирање на годишните програми на Општината, анализа на процесот на буџетирање на годишните програми, анализа на спроведувањето на програмите, извршувањето на буџетот, начините на кои локалната самоуправа ги вклучува граѓаните и различните правни субјекти во процесите на одлучување, како и степенот на транспарентноста во работата на општината и начинот на кој таа ги информира граѓаните за активностите што се случуваат на нејзината територија и сл. Како резултат на пополнетите прашалници од сите 10 пилот општини вклучени во проектот, беше изработен документ со наслов *„Валидација на резултатите од Проценката на процесот на креирање политики, буџетирање и децентрализација на локално ниво“* во кој се содржани резултатите од спроведените анализи за Општина Аеродром.

На ден 27.05.2015 година во Општина Аеродром се одржа работен состанок на експертите кои ја спроведуваа анализата, членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ), членовите на Комисијата за образование и култура при Советот на Општина Аеродром, координаторот за еднакви можности на жените и мажите, соработникот за образование, како и лица вработени во Одделението за работа на Советот на Општината. На состанокот беа презентирани прелиминарните наоди, односно резултатите од спроведената анализа на Програмата за образование за 2014 година и од пополнетите прашалници. Наодите беа заеднички продискутирани и објаснети од што произлегуваат, каква методологија била користена во текот на анализата и слично, со цел да при следните изработки на годишните програми, а со тоа и работата на Општината во целина, биде поквалитетна и издржана од родов аспект.

Од страна на експертите од UN Women и од истражувачките организации за 10-те пилот општини, беше изработен документ со наслов *„Родова анализа на програмите и буџетите во единиците на локалната самоуправа – Студија за општините Аеродром, Боговиње, Ѓорче*

*Петров, Маврово и Ростуше и Градот Скопје – Нацрт-верзија за финална валидација*". Документот беше доставен до сите вклучени претставници од Општините, вработените лица и членовите на соодветните Комисии при Советите на Општините, со цел да го одобрат документот пред неговото печатење и до 04.11.2015 година да ги дадат своите мислења, при што од Општина Аеродром беа доставени забелешките и истите ќе бидат земени во предвид пред да се испечати наведениот документ.

Во рамките на наведениот проект за Родово Одговорно Буџетирање, финансиран од UN Women се одржаа две обуки:

- 16-18 Ноември 2015 год. во хотел „Изгрев" - Струга - *Напредна обука за претставници на локалната администрација - Родово Одговорни Политики и Буџети* - учествуваа две претставнички од општинската администрација од Одделението за буџетска координација и од Одделението за работи на Советот.
- 19-20 ноември 2015 год. во хотел „Радика" – Маврово - Воведна обука на претставници на советите/комисиите за еднакви можности, буџет и финансии и други релевантни локални комисии - *"Родово одговорни политики, воведување на родово одговорно буџетирање и соработка на советниците со координаторот за еднакви можности во општината*", учествуваа членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и членови на Комисијата за финансии и буџет при Советот на Општина Аеродром.
- 16-18 декември 2015 година - Студиска посета на градот Виена (Австрија) за двајца членови на Советот на Општина Аеродром (во рамките на проектот *„Промоција на родово одговорни политики во југоисточна Европа и Република Молдавија*", финансиран од канцеларијата на UN Women во Скопје). Целта на студиската посета е запознавање со добрите практики и механизмите за родово одговорно креирање на јавни локални политики во градот Виена, како еден од градовите во Европа кој има остварено најголем напредок во вклучување на родовата перспектива во креирањето и имплементирањето на локалните политики.

**Проект 3:** *„Зајакнување на капацитетите на општинските службеници и на локални претставници за родово одговорно буџетирање"*, кој ЗЕЛС го спроведува во соработка со UN Women – Тело на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените.

Општина Аеродром беше вклучена во проектот за потребите на кој беа пополнувани прашалници со податоци поврзани со родовата еднаквост, општинската администрација и членовите на Советот на Општината, како и програмите кои се реализирале во 2015 година.

Овие податоци, како и спроведените анкетни истражувања, беа доставени до ЗЕЛС, како и пополнетиот Образец кој и електронски беше пополнет, со цел да се формира *Електронска платформата за родова еднаквост на локално ниво*. Откако беа собрани сите потребни податоци од општините од Република Македонија, на 12.11.2015 година беше одржана презентација на Електронската платформа кој ќе се доработува и ажурира и во текот на следната година, со податоци кои се релевантни од областа на родовата еднаквост и родовото одговорно буџетирање. На презентацијата којашто ја одржаа претставниците од ИТ секторот на ЗЕЛС, беа претставени содржината и функциите на новата алатка за општините, целта и очекувањата од истата и начинот на користење од страна на координаторите за еднакви можности во општините, како и сугестии од страна на учесниците во однос на подобрување и унапредување на содржината на платформата.

Во рамките на проектот беше организирана обука на 13.03.2015 година во ЗЕЛС Тренинг Центарот – ЗТЦ на тема „Примена на начелата и родовите политики на локално ниво" на која присуствуваа координатори за еднакви можности од цела Македонија, а предавачи беа Мирдита Салиу (раководител на Сектор за еднакви можности во Министерство за труд и социјална политика), Гордана Величковска и Ирена Николов (од ЗЕЛС) и Неда Малевска (од Центар за управување со промени), за улогата на ЗЕЛС во промовирање на родовите политики (проект што се реализираше во текот на 2015 година) и алатки за родовата одговорност на локално ниво, беше презентирана „Европската повелба за еднаквост на жените и мажите во локалниот живот", како и обврските кои произлегуваат од нејзиното потпишување.

**Други активности и настани кои се реализираа во Општина Аеродром во 2015-та година:**

Реализирани активности наменети за граѓаните на Општината:

- Одбележување на значајни меѓународни денови и датуми, поврзани со областа на родовата еднаквост, заштита од дискриминација, човекови права, грижа за женското здравје и слично. Октомври е месец наречен „Розов Октомври“, бидејќи е посветен на кампањата за подигнување на свеста на жените за борба против ракот на дојка и на истакнување на превенцијата и раното откривање на болестите кај женската популација, бидејќи во раниот стадиум овие болести можат успешно да се излечат. Освен тоа, 18-ти октомври е Светски ден на полесно справување со менопаузата, а 20-ти октомври е Светски ден на остеопорозата. Со редовни прегледи, рекреација, соодветна терапија и исхрана, жените можат да го подобрат квалитетот на својот живот. Општината се приклучи и кон кампањата на Обединети нации „Обој го светот во портокалово за 16 дена“, а мотото на кампањата за оваа година е „16 дена на активизам за спречување на насилството врз жените и девојчињата“. Целта е да се носи облека во портокалова боја, со цел да се одбележи Светскиот ден за борба против насилство врз жените – 25-ти Ноември, бидејќи секое развивање на свесноста за одреден проблем е првиот чекор кон негово искоренување. Кампањата траеше сè до 10 декември – Ден на човековите права. Овие датуми беа одбележени со пишување написи на веб-страницата и во општинскиот весник.
- Општината логистички поддржа здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост и заштитата од дискриминација, при организирањето на активностите со обезбедување просторни услови и медиумско промовирање на настаните преку веб-страницата и фан-страницата на Општината, весникот и сл. Општината ги промовираше активностите на невладините организации на нејзина територија „Еднакво учество во општеството за сите!“ со објавување текстови со коишто се промовира нивната работа, како и активностите што ги реализираат овие здруженија, меѓу кои е текстот за Фондацијата за поддршка и развој на женско претприемништво „Центар за жени претприемачи" Скопје, која е невладина, непартиска и непрофитна организација и која делува на целата територија на Република Македонија чија основна цел е давање поддршка на жените и младите во нивниот деловен, личен и социјален развој преку промовирање на женското претприемништво, како и поддршка за основање, позиционирање и понатамошен развој на бизнисите на жените и младите.
- Општина Аеродром во текот на 2015 година, организираше повеќе различни видови обуки и работилници од различни области, програми за самовработување, започнување сопствен бизнис, жени претприемачи, обуки за личен раст и развој и слично. Овие обуки беа наменети за сите граѓани на Општината, пред сè за невработените лица, а предавачи беа стручни лица од Агенцијата за вработување на РМ и други невладини организации и здруженија. Известувањата за сите овие активности беа проследени и до организациите на жени, со цел што помасовно да се вклучат на обуките. Во тие рамки, се одржа презентација на можностите на потпрограмите на Еразмус+, во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, а беа одржани и неколку Форуми со работодавачи, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување, Националниот совет за претприемништво и конкурентност и УНДП.
- Отворена дисперзирана канцеларија на Агенцијата за вработување на РМ во Општина Аеродром – На 28.04.2015 година, во Општина Аеродром е отворена дисперзирана канцеларија на Центарот за вработување на град Скопје, со цел да се доближат услугите на Агенцијата за вработување на Република Македонија до невработените лица и работодавачите. Локацијата на канцеларијата на Центарот за вработување на град Скопје е на бул. „Јане Сандански“ бр. 48/1-1 (зад Мекдоналдс).
- Во Општина Аеродром е поставен „Тач Скрин“ за граѓаните - Во просториите на Општина Аеродром е поставен екран на допир („тач скрин“) со инсталирана апликација „Моја општина“, преку која граѓаните со кликање на екранот можат да одговорат на прашања поврзани со работата на Општината во поглед на отвореноста, отчетноста и пресретливоста на општинската администрација. Овој „тач скрин“ служи како алатка за општествена одговорност и е инсталиран во соработка со УНДП, како дел од проектот за регионална поддршка. Целта на веб-апликацијата „Моја општина“ е да се зголеми транспарентноста и учеството на граѓаните во развојните платформи на општината. Граѓаните кон веб-

апликацијата „Моја општина“ можат да пристапат и од своите домашни компјутери преку веб-страницата www.moja-opstina.mk.

- Презентација за вработување лица од ранливи категории – На 18.06.2015 година во просториите на ООУ „Блаже Конески“ се одржа презентација на активните мерки и програми, коишто се достапни преку Агенцијата за вработување на Република Македонија. Презентацијата беше наменета за информирање на невработените лица, но и за фирмите, кои сакаат да вработат лица од ранливите категории. Општина Аеродром во соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) и во иднина ќе одржува слични настани, со кои ќе се настојува да им се излезе во пресрет на сите засегнати лица.
- Објавување написи на официјалната веб-страница на Општината и во општинскиот весник со цел преку промовирање на Законот за еднакви можности на жените и мажите, граѓаните да се информираат и запознаат со своите законски права, како и да се запознаат со активностите кои се одвиваат во општината.
- Работилница „Стоп за насилното однесување!“ во ООУ „Љубен Лапе“ – Целта на работилницата беше да се споделат искуства од примената на инструментите за следење на насилното однесување на учениците. На работилницата присуствуваа раководниот и наставниот кадар од училиштето, а наставниците презентираа активности коишто треба да се практикуваат за превенција од насилно однесување, потоа креираа и презентираа различни видови инструменти за откривање, следење и подобрување на насилното однесување на учениците кои треба да се применуваат во текот на цела учебна година. Преку спроведувањето на вакви работилници, како и споделувањето на искуствата и идеите ќе придонесат за создавање на побезбедна училишна средина за сите присутни во училиштето.
- Бесплатна утринска јога во природа - Во некој од парковите во Општина Аеродром, јога клубот „Тара" повремено организираше бесплатни јога часови, наменет за сите заинтересирани лица без оглед на возраст или пол, но пред сè за жените.
- Бесплатен Зумба фитнес час - Во паркот со авион „Аеродром" во Ново Лисиче, фитнес клубот „Фит уан" во соработка со Општина Аеродром во неколку наврати организираше бесплатни Зумба фитнес часови. Овие забавни часови беа наменети за сите граѓани на Општината, без оглед на возраста и полот, но пред сè за жените.
- Координаторот за еднакви можности на жените и мажите постојано комуницираше со одговорните лица во Министерството за труд и социјална политика, здруженија на граѓани и жени, невладини организации, како и со Комисијата за еднакви можности (КЕМ), која одржа неколку состаноци согласно потребите во текот на работата.
- Координаторот и членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите учествуваа на повеќе обуки, јавни трибини, дебати, конференции, седници на КЕМ во Собранието на РМ, на Советот на Град Скопје и слично, на кои се здобија со информации и знаења од областа на родовата еднаквост.
- Координаторот за еднакви можности на жените и мажите води база на статистички податоци за Општината, разделени според полот и истите на крајот на годината ги ажурира.

**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**

Реализирани се поголем дел од активностите предвидени во годишната програма за 2015 година. Активностите се претходно наведени.

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

Не може да се определат аутпут индикатори за сите активности кои се реализирани во текот на 2015 година, како на пример за написите за одбележување на значајни датуми, објавени на веб-страницата на Општината, во весникот и слично. Некои настани беа помасовно посетени од граѓаните, а некои беа посетени во помал број. Центарот за ран детски развој „Слонче“ секојдневно го посетуваат околу 25-30 деца на предучилишна возраст.

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината, а колку од донации?**

За активностите и настаните кои беа реализирани во текот на 2015 година, од Буџетот на Општина Аеродром не се потрошени финансиски средства, односно активностите беа реализирани во соработка со UN Women, експертски истражувачки организации, ЗЕЛС и други организации, со кои се реализираат трите проекти кои ќе продолжат во текот на следната година.

**2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**

Општина Аеродром има изработено нов Правилник за систематизација на работните места број 04-6184/1 од 27.08.2015 година, за кој има добиено согласност од 04.09.2015 година и во него се наведени работните задачи и обврските на Соработник координаторот за еднакви можности на жените и мажите. Извадок од наведениот Правилник кој се однесува на наведеното работно место, Ви испраќаме во прилог на овој Образец – Годишен извештај.

**2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**

**а) слушател/слушателка**

**б) обучувач/обучувачка**

Координаторката во текот на 2015 година учествувала на една работилница и една обука од областа на еднаквите можности на жените и мажите на кои учествувала како слушателка.

**2.16. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**

- 26.02.2015 година - Општина Центар (барака број 6) – Еднодневна работилница за начинот на пополнување на образецот за годишен извештај за активностите од областа на еднаквите можности на жените и мажите, кој општините треба да го достават до Министерството за труд и социјална политика најдоцна до 31-ви март. Работилницата ја водеше м-р Јована Тренчевска, советник за еднакви можности на жените и мажите – Сектор за еднакви можности на МТСП, а присутни беа координаторите на скопските општини и претседателките/членките на Комисиите за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) при Советите на Општините. Од Општина Аеродром освен координаторката, на работилницата учествуваше и Мелина Голубовска, членка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Аеродром.
- 13.03.2015 година - ЗЕЛС Тренинг Центар – ЗТЦ – Еднодневна обука „Примена на начелата и родовите политики на локално ниво". Предавачи беа Мирдита Салиу (раководител на Сектор за еднакви можности во Министерство за труд и социјална политика), Гордана Величковска и Ирена Николов (од ЗЕЛС) и Неда Малевска (од Центар за управување со промени).

*Забелешка:* Наведените обука и работилница се однесуваат само на 2015 година, бидејќи во претходниот Годишен извештај за 2014 година беа наведени позначајните обуки, работилници и семинари на кои координаторката учествувала во периодот од 2009-та до 2015-та година.

**2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете**

Усно пренесување на информации на претпоставените (раководителката) во врска со новите сознанија и активностите кои понатаму треба да се преземат, како и на другите колеги кои имаат допирни точки со темата, пишување извештај по посетената обука, семинар или работилница за која што претходно е изготвено Решение за посета/учество на истата.

**2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

Во писмена форма не се изготвени иницијативи, туку реализацијата на активностите и настаните е договарана при контакт со претставници од разни здруженија на граѓани, НВО и др., при посета на конференции, промоции и слични настани.

**2.19. Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**

Немало писмени иницијативи доставени до ЕЛС.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

Предизвик е да има повеќе присутни граѓани на настаните кои се организираат (некои беа помасовно посетени, а на некои имаше помала посетеност), како и да се воспостави подобра соработка со здруженијата и организациите на жените.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

- Кога се организираат настани со претставниците, вработените во основните училишта и градинките, кои се во надлежност на Општината, посетеноста е поголема.
- Координаторките и членките на КЕМ од скопските општини беа поканети, а некои од нив присуствуваа на Првата седница на КЕМ во Градот Скопје што се одржа на 10.12.2015 година. На состанокот беше заклучено дека би било корисно ваквите средби да станат пракса за во иднина, барем помеѓу претставничките од скопските општини.
- Послаба посетеност на настаните од страна на граѓаните.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Соработката со вработените во училиштата и градинките беше на задоволително ниво (на пр. на проектите „Форуми во заедницата" од минатите години) и може да се размислува за реализација на проекти во кои тие повторно би биле вклучени.

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кои што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Согласно Програмата за активностите од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2016 година предвидено е:

- ќе продолжи со работа Центарот за ран детски развој „Слонче" во Долно Лисиче во кој престојуваат деца од предучилишна возраст;
- ќе продолжи со реализација регионалниот проект „Промовирање на родово одговорни политики во Југоисточна Европа, Фаза 2", финансиран од UN Women;
- ќе продолжи со реализација проектот „Зајакнување на капацитетите на општинските службеници и на локални претставници за родово одговорно буџетирање", кој ЗЕЛС го спроведува во соработка со UN Women;
- организирање на различни активности за граѓаните со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права и за тоа како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи;
- координаторот за еднакви можности на жените и мажите е обврзан да одржува контакти, да пренесува информации и да соработува со Комисијата за еднакви можности (КЕМ) при Советот на Општината која ќе одржува состаноци согласно потребите во текот на работата, да соработува со организации на жени, здруженија на граѓани, невладини организации, како и со Министерството за труд и социјална политика;
- Комисијата за еднакви можности (КЕМ) во соработка со Координаторот согласно Законот, заедно ќе ги разгледуваат сите предлози и иницијативи од страна на граѓаните и другите субјекти и ќе ги реализираат оние активности за кои ќе сметаат дека се значајни и корисни за Општината и за нејзините жители;
- организирање јавни расправи и трибини за граѓаните на кои би се дискутирало за различни теми со цел да се одбележат значајни меѓународни денови поврзани со областа на родовата еднаквост, заштита од дискриминација, човекови права, превенција и слично;
- пишување на текстови поврзани со еднаквите можности на жените и мажите во општинскиот весник, на веб-страницата, фан-страницата на Фејсбук и друго;
- водење база на статистички податоци разделени според полот и ажурирање на истите;
- Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ќе ги разгледува развојните планови и други акти и предлог-одлуките пред да бидат усвоени од Советот на Општината и за истите ќе доставува мислење и препораки, а воедно ќе учествува и во креирањето на стратешките документи за Општината согласно Законот.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Комисијата за родова еднаквост во рамките на Советот на Општина Аеродром е формирана со Решение со архивски број 07-28/2 од 17.05.2005 година.

Членовите на сегашниот состав на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се номинирани со Одлука за избор на претседатели и членови на комисии на Советот на Општина Аеродром („Службен гласник на Општина Аеродром" број 8 од 11.04.2013 год.).

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

а) **Пол** – 3 женски и 2 машки пол;

б) **Образование** – 4 члена со високо и 1 член со средно образование;

в) **Етничка припадност** – 4 члена Македонци и 1 член Србин;

г) **Припадност на политичка партија** – 2 члена од ВМРО-ДПМНЕ, 2 члена од СДСМ и 1 член од ВМРО-ДП.

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа**

Не. Комисијата ја усвои Предлог-Програмата за активностите од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2016 година и Годишниот извештај за 2014 година.

**б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа**

Не.

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа**

Не.

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**

Нема.

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

Комисијата нема сопствена годишна програма, туку има Годишна програма за работа на Советот на Општината и Програмата за активностите од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година.

**5.5. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Аеродром во текот на 2015 година има одржано 3 седници, за кои во прилог Ви ги доставуваме записници со следните архивски броеви и точки на Дневен ред:

- Број 09-82/1 од 23.02.2015 година – Предлог-Заклучок за усвојување на Извештај за реализирани активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром со статистички податоци за 2014 година;
- Број 09-140/1 од 31.03.2015 година – Усвојување на Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и

мажите за 2014 година (Образец од МТСП);
- Број 09-495/1 од 15.12.2015 година – Предлог-Програма за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2016 година.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП:

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

- Сметаме дека е корисно на почетокот на мандатот на новите членови на Советот на Општините, да има обуки за членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, со кои ќе им биде презентиран и дискутиран Законот за еднакви можности на жените и мажите, нивните обврски, задачи и должности, бидејќи ретко кој од членовите е запознаен или имал некакво работно искуство од областа на родовата еднаквост.
- Да се одржуваат повремени состаноци помеѓу координаторите и членовите на КЕМ од скопските општини, со претставници од Градот Скопје, МТСП и другите релевантни државни институции, на пр. Комисија за заштита од дискриминација, застапник од МТСП, НВО и сл., на кои би се дискутирало за одредени теми, за тешкотиите и дилемите на кои се наидува во текот на работата.

*Забелешка:* Во однос на погоре наведеното, координаторките и членките на КЕМ од скопските општини беа поканети, а некои од нив присуствуваа на Првата седница на КЕМ во Градот Скопје што се одржа на 10.12.2015 година. На состанокот беше заклучено дека би било корисно ваквите средби да станат пракса за во иднина, барем помеѓу претставничките од скопските општини.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Нема предлози.

## Табеларни прикази на статистички податоци разделени според пол за Општина Аеродром за 2015 година

**Табела 1: Демографска структура на населението во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | Вкупно (%) |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на жители во Општината | 36.718 | 35.291 | 72.009 |
| Процент на жители во Општината (%) | 50,99% | 49,01% | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 2: Структура на населението во Општина Аеродром според образование (школска подготовка) и разделена по пол, за лица на возраст од 15 и повеќе години**

| Степена на образование | Пол | | Вкупно (%) | |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Сѐуште во процес на образование | | | 20 | 0,03% |
| Без училиште (никакво образование) | | | 488 | 0,80% |
| Некомплетно основно образование | | | 2.264 | 3,72% |
| Основно училиште | | | 9.254 | 15,19% |
| Средно училиште | | | 35.078 | 57,57% |
| Виша школа | | | 2.535 | 4,16% |
| Висока школа, факултет, академија | | | 10.603 | 17,40% |
| Магистратура | | | 417 | 0,68% |
| Докторат | | | 274 | 0,45% |
| Вкупно | | | 60.933 | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година, но не се разделени според пол

**Табела 3: Старосна структура на населението разделена по пол**

| Возраст по категории | Пол | | | | Вкупно | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Женски | % | Машки | % | | |
| 0 – 19 години | 8.183 | 22,29 | 8.561 | 24,26 | 16.744 | 23,25% |
| 20 – 60 години | 23.702 | 64,55 | 22.446 | 63,60 | 46.148 | 64,09% |
| Над 60 години | 4.833 | 13,16 | 4.284 | 12,14 | 9.117 | 12,66% |
| Вкупно | 36.718 | 100 | 35.291 | 100 | 72.009 | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година, каде што се прикажани во повеќе категории

**Табела 4: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 10 и повеќе години, разделени по пол и по писменост**

| | Вкупно | | Мажи | | Жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | писмени | неписмени | писмени | неписмени | писмени | неписмени |
| Општина Аеродром | 64.656 (99,27%) | 475 (0,73%) | 31.688 (99,73%) | 86 (0,27%) | 32.968 (98,83%) | 389 (1,17%) |
| | | | 100% | | 100% | |
| | 65.131 (100%) | | 31.774 (48,78%) | | 33.357 (51,22%) | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 5: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста – <u>вкупно</u>**

| | Вкупно | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сè | вработени | невработени | |
| Општина Аеродром | 60.743 (100%) | 35.484 (58,42%) | 28.310 (79,78%) | 7.174 (20,22%) | 25.259 (41,58%) |
| | | | 100% | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 6: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста - <u>мажи</u>**

| | Вкупно | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сè | вработени | невработени | |
| Општина Аеродром | 29.459 (100%) | 18.607 (63,16%) | 14.980 (80,51%) | 3.627 (19,49%) | 10.852 (36,84%) |
| | | | 100% | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 7: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста – <u>жени</u>**

| | Вкупно | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сè | вработени | невработени | |
| Општина Аеродром | 31.284 (100%) | 16.877 (53,95%) | 13.330 (78,98%) | 3.547 (21,02%) | 14.407 (46,05%) |
| | | | 100% | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Структура на <u>невработено население</u> во Општина Аеродром разделена според пол и други карактеристики**

**Табела 8: Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол и националност**

| Национална припадност | Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Македонци | 928 | 860 | 1788 |
| Албанци | 12 | 12 | 24 |
| Турци | 2 | 7 | 9 |
| Роми | 6 | 10 | 16 |
| Срби | 22 | 20 | 42 |
| Власи | 3 | 6 | 9 |
| Бошњаци | 2 | 4 | 6 |
| Други | 8 | 6 | 14 |
| В к у п н о | 983 | 925 | 1908 |
| % | 51,52% | 48,48% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2015 година).

**Табела 9: Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол и школска подготовка**

| Степен на образование | Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Без образование и со основно образование | 89 | 85 | 174 |
| Непотполно средно образование | 132 | 236 | 368 |
| Завршено средно образование | 348 | 352 | 700 |
| Више образование | 25 | 11 | 36 |
| Високо образование | 342 | 217 | 559 |
| Магистри на науки | 44 | 23 | 67 |
| Доктори на науки | 3 | 1 | 4 |
| В к у п н о | 983 | 925 | 1908 |
| % | 51,52% | 48,48% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2015 година).

**Табела 10: Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол и возраст**

| Возраст | Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| од 15-19 год. | 6 | 13 | 19 |
| од 20-24 | 69 | 56 | 125 |
| од 25-29 | 126 | 101 | 227 |
| од 30-34 | 128 | 102 | 230 |
| од 35-39 | 101 | 83 | 184 |
| од 40-44 | 96 | 55 | 151 |
| од 45-49 | 69 | 47 | 116 |
| од 50-54 | 94 | 82 | 176 |
| од 55-59 | 151 | 142 | 293 |
| 60 и повеќе | 143 | 244 | 387 |
| В к у п н о | 983 | 925 | 1908 |
| Процент % | 51,52% | 48,48% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2015 година).

**Табела 11: Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол и време на чекање на вработување**

| Време на чекање | Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| под 1 месец | 90 | 65 | 155 |
| од 1 до 5 мес. | 261 | 212 | 473 |
| од 6 до 11 мес. | 141 | 133 | 274 |
| од 12 до 17 мес. | 86 | 91 | 177 |
| од 18 до 23 мес. | 72 | 61 | 133 |
| 2 години | 118 | 147 | 265 |
| 3 години | 37 | 44 | 81 |
| 4 години | 58 | 56 | 114 |
| 5 до 7 години | 33 | 39 | 72 |
| 8 години и повеќе | 87 | 77 | 164 |
| В к у п н о | 983 | 925 | 1908 |
| Процент % | 51,52% | 48,48% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2015 година).

**Табела 12: Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол и националност**

| Национална припадност | Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Македонци | 1328 | 955 | 2283 |
| Албанци | 21 | 32 | 53 |
| Турци | 10 | 8 | 18 |
| Роми | 12 | 15 | 27 |
| Срби | 22 | 26 | 48 |
| Власи | 0 | 1 | 1 |
| Бошњаци | 5 | 7 | 12 |
| Други | 12 | 15 | 27 |
| В к у п н о | 1410 | 1059 | 2469 |
| % | 57,11% | 42,89% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2015 година).

**Табела 13: Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол и школска подготовка**

| Степен на образование | Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Без образование и со основно образование | 207 | 168 | 375 |
| Непотполно средно образование | 298 | 320 | 618 |
| Завршено средно образование | 583 | 384 | 967 |
| Више образование | 23 | 26 | 49 |
| Високо образование | 275 | 149 | 424 |
| Магистри на науки | 22 | 11 | 33 |
| Доктори на науки | 2 | 1 | 3 |
| В к у п н о | 1410 | 1059 | 2469 |
| % | 57,11% | 42,89% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2015 година).

**Табела 14: Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол и возраст**

| Возраст | Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| од 15-19 год. | 7 | 11 | 18 |
| од 20-24 | 76 | 84 | 160 |
| од 25-29 | 137 | 95 | 232 |
| од 30-34 | 119 | 85 | 204 |
| од 35-39 | 156 | 86 | 242 |
| од 40-44 | 155 | 94 | 249 |
| од 45-49 | 134 | 79 | 213 |
| од 50-54 | 165 | 104 | 269 |
| од 55-59 | 264 | 178 | 442 |
| 60 и повеќе | 197 | 243 | 440 |
| Вкупно | 1410 | 1059 | 2469 |
| Процент % | 57,11% | 42,89% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2015 година).

**Табела 15: Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол и време на чекање на вработување**

| Време на чекање | Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| под 1 месец | 67 | 57 | 124 |
| од 1 до 5 мес. | 227 | 192 | 419 |
| од 6 до 11 мес. | 169 | 168 | 337 |
| од 12 до 17 мес. | 154 | 137 | 291 |
| од 18 до 23 мес. | 111 | 84 | 195 |
| 2 години | 682 | 421 | 1103 |
| 3 години | 0 | 0 | 0 |
| 4 години | 0 | 0 | 0 |
| 5 до 7 години | 0 | 0 | 0 |
| 8 години и повеќе | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 1410 | 1059 | 2469 |
| Процент % | 57,11% | 42,89% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2015 година).

**Табела 16: Структура на членовите на Советот на Општина Аеродром**

| | Жени | Мажи | В к у п н о |
|---|---|---|---|
| Број на советници/чки | 9 | 18 | 27 |
| Процент на советници/чки (%) | 33,33% | 66,67% | 100% |

**Табела 17: Учество на жените советнички во телата на одлучување во Советот на Општина Аеродром**

Претседателот на Советот е од машки пол.
Во Општината сѐ уште немало жена на функцијата претседател на Совет.

| Претседатели на Комисии во Советот на Општината | | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | В к у п н о |
| Претседатели на Комисии | 4 | 8 | 12 |
| Процент на претседатели на Комисии (%) | 33,33% | 66,67% | 100% |

**Табела 18: Состав на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Советот на Општина Аеродром**

| | Жени | Мажи |
|---|---|---|
| Претседателка на КЕМ | 1 | 0 |
| Членови на КЕМ | 2 | 2 |
| В к у п н о | 3 | 2 |
| Процент % | 60% | 40% |

**Табела 19: Структура на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите според степенот на образованието**

| | Образование | |
|---|---|---|
| | ССС | ВСС |
| Претседателка на КЕМ | 0 | 1 (магистер) |
| Членови на КЕМ | 1 | 3 |
| В к у п н о | 1 | 4 |
| Процент % | 20% | 80% |

**Табела 20: Структура на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите според возраста**

| КЕМ | Возраст (години) |
|---|---|
| Претседателка на КЕМ | 28 |
| Член на КЕМ | 32 |
| Член на КЕМ | 42 |
| Член на КЕМ | 47 |
| Член на КЕМ | 52 |
| Просечна возраст | 40,2 |

**Табела 21: Координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром**

| | Пол | Образование | Возраст (години) |
|---|---|---|---|
| Координатор | Женски | ВСС (магистер) | 39 |

**Табела 22: Структура на вработените лица од државната администрација во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на вработени | 65 | 46 | 111 |
| Процент на вработени (%) | 58,56% | 41,44% | 100% |

**Табела 23: Структура на раководители на сектори и одделенија од вработените лица од државната администрација во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на раководители | 8 | 4 | 12 |
| Секретар на ОА | 1 | 0 | 1 |
| Вкупно | 9 | 4 | 13 |
| Процент % | 69,23% | 30,77% | 100% |

**Табела 24: Табела со податоци разделени според пол за бројот на секретарите во урбаните/месните заедници на територијата на општина Аеродром** (овие лица се дел од државната администрација, вработени во Општина Аеродром и се вкалкулирани во табелата **број 22** во која е прикажан вкупниот број на вработени лица во Општина Аеродром)

| Име на урбана/месна заедница | Пол на секретарите | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| УЗ Горно Лисиче Север | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Острово | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Бисер | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Ново Лисиче | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Мичурин | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Запад | 0 | 1 | 1 |
| МЗ Долно Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Стар Аеродром | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Јане Сандански | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Населба Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Југ | 1 | 0 | 1 |
| В к у п н о | 6 | 5 | 11 |
| Процент % | 54,55% | 45,45% | 100% |

**Табела 25: Табела со податоци разделени според пол за бројот на претседателите во урбаните/месните заедници на територијата на општина Аеродром** (овие лица не се вработени во Општина Аеродром, туку се избрани од граѓаните)

| Име на урбана/месна заедница | Пол на претседателите | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| УЗ Горно Лисиче Север | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Острово | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Бисер | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Ново Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Мичурин | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Запад | 0 | 1 | 1 |
| МЗ Долно Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Стар Аеродром | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Јане | 1 | 0 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сандански | | | |
| УЗ Населба Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Југ | 0 | 1 | 1 |
| В к у п н о | 1 | 10 | 11 |
| Процент % | 9,09% | 90,91% | 100% |

**Табела 26: Број на ученици во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 313 | 273 | 586 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 179 | 203 | 382 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 477 | 436 | 913 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 479 | 504 | 983 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 671 | 685 | 1356 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 288 | 283 | 571 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 318 | 347 | 665 |
| ОУ „Александар Македонски“ | 237 | 242 | 479 |
| В к у п н о | 2962 | 2973 | 5935 |
| Процент % | 49,91% | 50,09% | 100% |

**Табела 27: Број на вработени лица во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 50 | 4 | 54 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 46 | 7 | 53 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 72 | 5 | 77 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 67 | 9 | 76 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 105 | 11 | 116 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 49 | 7 | 56 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 55 | 9 | 64 |
| ОУ „Александар Македонски“ | 45 | 9 | 54 |
| В к у п н о: | 489 | 61 | 550 |
| Процент % | 88,91% | 11,09% | 100% |

**Табела 28: Број на членови во Училишен одбор во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 5 | 4 | 9 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 5 | 4 | 9 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 4 | 5 | 9 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 7 | 2 | 9 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 4 | 5 | 9 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 3 | 6 | 9 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 7 | 2 | 9 |
| ОУ „Александар Македонски“ | 6 | 3 | 9 |
| В к у п н о: | 41 | 31 | 72 |
| Процент % | 56,94% | 43,06% | 100% |

**Табела 29: Број на членови во Совет на родители во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 17 | 8 | 25 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 14 | 5 | 19 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 25 | 12 | 37 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 30 | 8 | 38 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 36 | 16 | 52 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 14 | 10 | 24 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 19 | 11 | 30 |
| ОУ „Александар Македонски“ | 16 | 2 | 18 |
| В к у п н о: | 171 | 72 | 243 |
| Процент % | 70,37% | 29,63% | 100% |

**Табела 30: Број на деца во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 722 | 808 | 1530 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 539 | 590 | 1129 |
| В к у п н о: | 1261 | 1398 | 2659 |
| Процент % | 47,42% | 52,58% | 100% |

**Табела 31: Број на вработени лица во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 167 | 13 | 180 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 135 | 10 | 145 |
| В к у п н о: | 302 | 23 | 325 |
| Процент % | 92,92% | 7,08% | 100% |

**Табела 32: Број на членови во Управен одбор во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 3 | 4 | 7 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 6 | 1 | 7 |
| В к у п н о: | 9 | 5 | 14 |
| Процент % | 64,29% | 35,71% | 100% |

**Табела 33: Број на членови на Совет на родители во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 4 | 2 | 6 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 5 | 0 | 5 |
| В к у п н о: | 9 | 2 | 11 |
| Процент % | 81,82% | 18,18% | 100% |

**Табела 34: Податоци разделени според пол за бројот на директори во основните училишта што се наоѓаат на територијата на Општина Аеродром**

| Број на директори во основни училишта | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 5 | 3 | 8 |
| Процент % | 62,50% | 37,50% | 100% |

**Табела 35: Податоци разделени според пол за бројот на директори во детските градинки што се наоѓаат на територијата на Општина Аеродром**

| | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на директори во детски градинки | 1 | 1 | 2 |
| Процент % | 50% | 50% | 100% |

**Табела 36: Податоци разделени според пол за бројот на новороденчиња кои добиле решение за еднократна парична помош од Општина Аеродром**

| | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на новороденчиња | 394 | 358 | 752 |
| Процент % | 52,39% | 47,61% | 100% |

* Барањата за еднократна парична помош за новороденчиња родени во 2015 година, се поднесуваат до Општина Аеродром заклучно со 31.03.2016 година.

**Табела 37: Податоци разделени според пол за лица кои се пријавиле бесплатно да играат тенис за време на викендите на тениските терени на територијата на општина Аеродром**

| | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на лица кои бесплатно играле тенис | 407 | 892 | 1299 |
| Процент % | 31,33% | 68,67% | 100% |

**Табела 38: Податоци разделени според пол за барања од граѓани доставени до Општина Аеродром преку Граѓански сервис центар (ГСЦ)**

| | Пол | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | Неодредено* | |
| Број на доставени барања преку ГСЦ | 216 | 331 | 49 | 596 |
| Процент % | 36,24% | 55,54% | 8,22% | 100% |

* Категоријата „Неодредно“ означува: група/здружение на граѓани, заедница на сопственици или лице чиј пол од напишаниот текст не може да се утврди.

**Табела 39: Податоци разделени според пол за граѓаните кои доставиле до Општина Аеродром барање за информации од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

| | Пол | | Правни лица | В к у п н о |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Број на доставени барања за информации од јавен карактер | 25 | 33 | 11 | 69 |
| Процент % | 36,23% | 47,83% | 15,94% | 100% |

**Табела 40: Податоци разделени според пол за граѓаните кои доставиле до Општина Аеродром претставки согласно Законот за постапување по претставки и предлози**

| | Пол | | Правни лица | В к у п н о |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Број на доставени претставки | 1 | 4 | 5 | 10 |
| Процент % | 10,00% | 40,00% | 50,00% | 100% |

# ЗАПИСНИК

од седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, одржана на ден 31.03.2016 година, со почеток во 13:00 часот

Присутни:
ПРЕТСЕДАТЕЛ: Сања Петровска
ЧЛЕНОВИ: Бошко Стојкоски
Мелина Голубовска
Даниела Николова - отсутен
Саша Гајиќ - отсутен

Присутен е и претставник на општинската администрација - координаторот за еднакви можности при Општина Аеродром Јелена Пејановиќ.

Дневен ред

1. Усвојување на Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите, Образец од МТСП.

Дневниот ред е едногласно усвоен.

По однос на Образецот на Годишниот извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите, присутните го разгледаа и добија детални појаснувања и одговори на поставените прашања од страна на координаторот за еднакви можности при Општина Аеродром Јелена Пејановиќ.

Потоа Комисијата едногласно го усвои Годишниот извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите, Образец од МТСП.

Седницата на комисијата заврши во 13:30.

Претседател
Сања Петровска

Инспекторите и редарите ќе земат учество на семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони како и Законот за општа управна постапка и Законот за инспекциски надзор, организирани од страна на ЗЕЛС, надлежните министерства и други институции.

Број 07-504/14
10 декември 2014 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром - пречистен текст(„Службен гласник на Општина Аеродром" број 20/2012, 21/14, 23/14), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година

Се објавува Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година, донесена на дваесет и деветата седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 09.12.2014 година.

Број 08-8879/1
11 декември 2014 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

## ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2015 ГОДИНА

### I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" бр. 6 од 13.01.2012 година) со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, односно во сите сфери на човековото живеење.

Воедно, со Програмата е предвидено организирање на различни активности кои се од големо значење за граѓаните и за Општината со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права и за тоа како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи.

Општина Аеродром оваа Програма ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2015 година за конкретните намени, во соработка со различни здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост, а пред сѐ во соработка со организациите на жените кои се најактивни во оваа област.

Оваа Програма ќе се спроведува во текот на 2015 година.

## II. РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Општина Аеродром во областа на еднаквите можности на жените и мажите во рамки на можностите и расположливите средства во Буџетот за 2015 година за таа намена, може да *организира и поддржува активности и проекти за промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.*

### 1. Цел

Основна цел на оваа активност е преку промовирање на Законот за еднакви можности на жените и мажите, граѓаните да се информираат и запознаат со своите законски права. Со Законот се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол, а истиот се однесува на обезбедување еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, образовната област како и во сите други сфери од општествениот живот со цел да се подигне неговиот квалитет.

Општината може логистички да ги поддржи организациите на жени, здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост, при организирањето на активностите со обезбедување просторни услови и медиумско промовирање на настаните преку веб-страницата и фан-страницата на Општината, весникот и сл.

Воедно, ова се однесува и на поединците кои претставуваат експерти од оваа област кои заедно со претходно наведените субјекти со својата активност и достигнувања во оваа област, придонесуваат за промоција и унапредување на родовиот концепт, а со тоа и на еднаквите можности на жените и мажите, заштитата од дискриминација и слично.

### 2. Корисници

Корисници на овие активности и проекти се пред сè жителите на Општина Аеродром, организации на жени, здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на еднаквите можности на жените и мажите, како и поединци кои претставуваат експерти од оваа област.

### 3. Активности

Координаторот за еднакви можности на жените и мажите од редот на општинската администрација е обврзан да одржува контакти, да пренесува информации и да соработува со Комисијата за еднакви можности (КЕМ) при Советот на Општината која ќе одржува состаноци согласно потребите во текот на работата.

Координаторот и Комисијата ќе соработуваат со организации на жени, здруженија на граѓани, невладини организации, како и со Министерството за труд и социјална политика, кои работат во областа на родовата еднаквост и заштитата од дискриминација, со цел да ги реализираат активностите предвидени со Програмата.

Комисијата за еднакви можности во соработка со Координаторот согласно Законот, заедно ќе ги разгледуваат сите предлози и иницијативи од страна на граѓаните и другите субјекти и ќе ги реализираат оние активности за кои ќе сметаат дека се значајни и корисни за Општината и за нејзините жители, со цел да се воспостават еднакви можности на жените и мажите во сите области од општествениот живот.

Општина Аеродром во рамки на своите можности и во соработка со организации на жени, здруженија на граѓани и поединци-експерти, може да организира јавни расправи и трибини за граѓаните на кои би се дискутирало за различни теми од областа на: законска регулатива и човекови права, работни односи и вработување, социјална заштита и семејство, здравствена заштита и осигурување, образование, пристап до добра и услуги, економски и сопственички односи, земјоделие и други, со кои ќе се промовира и унапреди родовата еднаквост.

Овие активности би се реализирале со цел да се одбележат значајни меѓународни денови поврзани со областа на родовата еднаквост, заштита од дискриминација, човекови права, превенција и слично.

Воедно, граѓаните би се едуцирале да станат посензитивни и да ги препознаваат различните видови на дискриминација со особен акцент на дискриминацијата врз основа на полот, како и за законските можности за поднесување претставки до релевантните институции во случаи на дискриминација по различни основи.

Покрај тоа, Општината освен организациска, може да обезбеди и техничка поддршка, печатење на флаери/постери, пишување на текстови во општинскиот весник, на веб-страницата, фан-страницата на Фејсбук и друго.

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, Координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општината ќе води база на статистички податоци разделени според полот и истите ќе ги ажурира.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) при Советот на Општина Аеродром ќе ги разгледува развојните планови и други акти и предлог-одлуките пред да бидат усвоени од Советот на Општината и за истите ќе доставува мислење и препораки, а воедно ќе учествува и во креирањето на стратешките документи за Општината согласно Законот.

Во текот 2015 година ќе продолжи со работа Центарот за ран детски развој во Долно Лисиче во кој престојуваат деца од предучилишна возраст, со што мајките на овие деца ќе имаат повеќе слободно време да го посветат за сопствени потреби, барање работа и слично.

Исто така во текот на 2015 година ќе продолжи со реализација регионалниот проект „Промовирање на родово одговорни политики во Југоисточна Европа, Фаза 2" за кој Општината има потпишано Меморандум за разбирање со Телото на Обединети Нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women). Целта на овој проект е воведување на родовата перспектива во локалните програми, нивно спроведување и следење преку примена на родово одговорно буџетирање како алатка, јакнење на капацитетите на општинската администрација и општинските совети за исполнување на заложбите во согласност со Законот, подобрување во собирање на родово разделени податоци, унапредување на статусот на жените и мажите на локално ниво и известување за истото, овозможување механизмите за консултации и учество на граѓаните на локално ниво, еднакво да ги земат предвид потребите на жените и мажите, размена на искуства на државно и регионално ниво и учење од добрите практики од останатите европски градови.

Општината е обврзана да достави Годишен извештај за активностите со собраните статистички податоци за изминатата година до Министерството за труд и социјална политика, до Државниот завод за статистика, како и да го објави на веб-страницата на Општината.

**4. Носители**

Сите предлози, иницијативи и активностите од Програмата за 2015 година, може да се спроведуваат од страна на Општина Аеродром, а преку соработка на Координаторот и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, односно со соработка на општинската администрација и Советот на Општината, согласно Законот за еднаквите можности на жените и мажите.

**5. Извори на средства**

Средствата за организирање и поддршка на активности за промовирање на родовиот концепт се предвидени во Буџетот на Општина Аеродром за 2015 година и тоа со следните потпрограми:

- Е0 – Општинска администрација, потставка 425920 – Услуги за копирање и печатење – 10.000,00 денари;

Е0 – Општинска администрација, потставка 425990 – Други договорни услуги – 10.000,00 денари.

Број 07-504/10
10 декември 2014 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром - пречистен текст(„Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/14, 23/14), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2015 година,

Се објавува Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2015 година,, донесена на дваесет и деветата седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 09.12.2014 година.

Број 08-8883/1
11 декември 2014 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

## ПРОГРАМА
## ЗА ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2015 ГОДИНА

### I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2015 година, има за цел подобрување на спортскиот живот во Општина Аеродром, поттик на жителите на Општината, а особено младата популација, за масовно вклучување во спортски активности, со цел развој на позитивните вредности на спортот, во функција на обезбедување на здрави идни генерации во Општина Аеродром, како и поддршка на истакнати спортски клубови и здруженија на граѓани преку кои ќе се презентира Општина Аеродром.

Општина Аеродром, оваа Програма ќе ја реализира во рамки на можностите и расположливите средства во Буџетот на Општината за конкретните намени.

Оваа Програма ќе се спроведува во текот на 2015 година.

### II. МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2015 ГОДИНА

Општина Аеродром, со цел обезбедување на поддршка на спортот, во рамки на можностите и расположливите средства во Буџетот за 2015 година за таа намена, може да ги спроведува следните мерки и активности:

**А.** Поддршка на спортски манифестации и активности кои се организираат на подрачје на Општината од страна на здруженија на граѓани;

**Б.** Поддршка на истакнати спортски клубови кои ја претставуваат Општина Аеродром на домашно, како и на меѓународно ниво;

**В.** Поддршка на училиштен спорт;

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром - пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување Извештај за реализирани активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година**

Се објавува Извештај за реализирани активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година, донесен на четириесет и шестата седница на Советот на општина Аеродром, одржана на ден 08.02.2016 година.

Број 08-1020/1
09 февруари 2016 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен васник на РМ" број 05/02) и член 66 од Статутот на Општина Аеродром – пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Советот на Општина Аеродром на својата 46 седница одржана на 08.02.2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на извештај за реализирани активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година**

1.Се усвојува Извештај за усвојување извештај за реализирани активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Аеродром“.

Број 09-33/7
08 февруари 2016 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

# ПРЕДЛОГ-ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2015 ГОДИНА

Општина Аеродром ја реализираше Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година, во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2015 година за конкретните намени, во соработка со различни здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост, а пред сè во соработка со организациите на жените кои се најактивни во оваа област.

Програмата се реализираше со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права, да ја препознаат дискриминацијата и како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи.

1. **Општина Аеродром во текот на 2015 година беше вклучена во *активности во три проекти од областа на еднаквите можности на жените и мажите*, кои продолжуваат и во 2016 година и тоа:**

*1.1. Програма за менторирање – Отворениот Центар за ран детски развој „Слонче“ во ПОУ „Гоце Делчев“ во Долно Лисиче продолжува со работа.*

Од септември 2014 година во просториите на ПОУ „Гоце Делчев" во Долно Лисиче почна со работа новиот Центар за ран детски развој – ЦРДР „Слонче", кој работи во состав на ЈУДГ „Буба Мара". Општина Аеродром го отвори Центарот во соработка со УНИЦЕФ, во рамки на иницијативата „Првите 5 се најважни на свет". Децата на возраст од 3 до 6 години од Долно Лисиче имаат можност да посетуваат предучилишна програма, со цел да им се обезбеди правилен психо-физички и социо-емоционален развој. Центарот е отворен токму во Долно Лисиче, бидејќи во овој дел на Општината нема можност или потреба за отворање на градинка или жителите не се во можност да платат месечен надоместок за престој на детето во градинка, поради што многу често децата се чувани во домашни услови од страна на роднините. Центарот претставува бесплатна можност за родителите, поради тоа што не плаќаат надоместок за престој и за потрошни материјали (боички, хартија, лепило итн.) за нивното дете да ја посетува оваа програма.

Во рамките на овој проект, преку Македонско женско лоби за Општина Аеродром беа номинирани неколку стручни лица од областа на родовата еднаквост во функција на тематски и стратешки менторки, кои одржаа обуки на одредени теми. На 22.09.2015 година се одржа работен состанок за евалуација на Програмата за менторирање, која ја водеа експерти од Македонско женско лоби според *Прашалникот за локални самоуправи за постигнати ефекти на менторската програма*. Евалуацијата се однесуваше на целите и ефектите што се постигнати со менторската програма, услугата што се постигнала со тоа, нејзината одржливост, како истата е финансирана, беа разгледувани можностите за спроведување на менторска програма во некоја друга област, што е најдобро од спроведената програма, а што треба да се поправи и сл.

1.2. Телото на Обединети нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women) ја вклучи Општина Аеродром како пилот-општина, во Регионалниот проект за *„Промоција на Родово одговорни политики и буџети во југоисточна Европа“ (втора фаза),* за што беше потпишан меморандум за разбирање помеѓу UN Women и Општина Аеродром.

Проектот се однесува на областа на вклучувањето на родовата перспектива во креирањето на локалните политики и буџети и има за цел да придонесе кон имплементација на националните и меѓународни обврски за остварување на родова еднаквост. Општина Аеродром заедно со Министерството за труд и социјална политика, како и други девет општини ќе учествува како проектен партнер и во следните години (2013-2016), ќе работи на зајакнување на локалните механизми и капацитети за имплементација на локалните и национални стратешки документи во областа на родовата еднаквост и родово одговорното буџетирање.

Во врска со тоа, беа извршени повеќе активности и анализи, како и *„Проценка на процесот на креирање политики, буџетирање и децентрализација на локално ниво – родово буџетска анализа на програми на ЕЛС“.*

Анализите ги спроведуваа експертски, истражувачки организации, кои беа ангажирани од страна на UN Women да ги спроведат анализите во десетте општини, а за нашата општина тоа беше организацијата „Реактор – Истражување во акција“.

Општина Аеродром ја достави за анализа Програмата за образование за 2014 година кој од страна на експертите беше анализирана од родова перспектива и тоа во сите нејзини ставки одделно.

Во рамките на анализите од страна на експертите од наведената организација, Општината пополни неколку прашалници со кои се анализираше стратешкото планирање на општината, процесот на планирање на годишните програми на Општината, анализа на процесот на буџетирање на годишните програми, анализа на спроведувањето на програмите, извршувањето на буџетот, начините на кои локалната самоуправа ги вклучува граѓаните и различните правни субјекти во процесите на одлучување, како и степенот на транспарентноста во работата на општината и начинот на кој таа ги информира граѓаните за активностите што се случуваат на нејзината територија и сл.

Како резултат на пополнетите прашалници од сите 10 пилот општини вклучени во проектот, експертите изработија документ со наслов *„Валидација на резултатите од Проценката на процесот на креирање политики, буџетирање и децентрализација на локално ниво“* во кој се содржани резултатите од спроведените анализи.

На ден 27.05.2015 година во Општина Аеродром се одржа работен состанок на претставничката од организацијата „Реактор – Истражување во акција“, членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ), членовите на Комисијата за образование и култура при Советот на Општина Аеродром, координаторот за еднакви можности на жените и мажите, соработникот за образование, како и лица вработени во Одделението за работа на Советот на Општината. На состанокот беа презентирани прелиминарните наоди, односно резултатите од спроведената анализа на Програмата за образование за 2014 година и од пополнетите прашалници. Наодите беа заеднички продискутирани и објаснети од што произлегуваат, каква методологија била користена во текот на анализата и слично, со цел да при следните изработки на годишните програми, а

со тоа и работата на Општината во целина, биде поквалитетна и издржана од родов аспект.
Од страна на експертите од UN Women и организација „Реактор – Истражување во акција“ е изработен документ со наслов *„Родова анализа на програмите и буџетите во единиците на локалната самоуправа – Студија за општините Аеродром, Боговиње, Ѓорче Петров, Маврово и Ростуше и Градот Скопје – Нацрт-верзија за финална валидација“*. Документот беше доставен до сите вклучени претставници од Општините, вработените лица и членовите на соодветните Комисии при Советите на Општините, со цел да го одобрат документот пред неговото печатење и до 04.11.2015 година да ги дадат своите мислења, при што од Општина Аеродром беа доставени забелешките и истите ќе бидат земени во предвид пред да се испечати наведениот документ.

Во рамки на проектот за Родово Одговорно Буџетирање, финансиран од UN Women се одржаа две обуки:
- 16-18 Ноември 2015 год. во хотел „Изгрев“ - Струга - *Напредна обука за претставници на локалната администрација - Родово Одговорни Политики и Буџети* - учествуваа две претставнички од општинската администрација од Одделението за буџетска координација и од Одделението за работи на Советот.
- 19-20 ноември 2015 год. во хотел „Радика“ – Маврово - Воведна обука на претставници на советите/комисиите за еднакви можности, буџет и финансии и други релевантни локални комисии - *"Родово одговорни политики, воведување на родово одговорно буџетирање и соработка на советниците со координаторот за еднакви можности во општината“*, учествуваа членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и членови на Комисијата за финансии и буџет при Советот на Општина Аеродром.
- 16-18 декември 2015 година - Студиска посета на градот Виена (Австрија) за двајца членови на Советот на Општина Аеродром (во рамките на проектот *„Промоција на родово одговорни политики во југоисточна Европа и Република Молдавија“*, финансиран од канцеларијата на UN Women во Скопје). Целта на студиската посета е запознавање со добрите практики и механизмите за родово одговорно креирање на јавни локални политики во градот Виена, како еден од градовите во Европа кој има остварено најголем напредок во вклучување на родовата перспектива во креирањето и имплементирањето на локалните политики.

*1.3. Проект „Зајакнување на капацитетите на општинските службеници и на локални претставници за родово одговорно буџетирање“, кој ЗЕЛС го спроведува во соработка со UN Women – Тело на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените.*

Општина Аеродром беше вклучена во проектот за потребите на кој беа пополнувани прашалници со податоци поврзани со родовата еднаквост, општинската администрација и членовите на Советот на Општината, како и програмите кои се реализирале во текот на минатата година.
Овие податоци, како и спроведените анкетни истражувања, беа доставени до ЗЕЛС, како и пополнетиот Образец кој и електронски беше пополнет, со цел да се формира *Електронска платформата за родова еднаквост на локално ниво*. Откако беа собрани сите потребни податоци од општините од Република Македонија, на 12.11.2015 година беше одржана презентација на Електронската

платформа кој ќе се доработува и ажурира и во текот на следната година, со податоци кои се релевантни од областа на родовата еднаквост и родовото одговорно буџетирање. На презентацијата којашто ја одржаа претставниците од ИТ секторот на ЗЕЛС, беа претставени содржината и функциите на новата алатка за општините, целта и очекувањата од истата и начинот на користење од страна на координаторите за еднакви можности во општините, како и сугестии од страна на учесниците во однос на подобрување и унапредување на содржината на платформата.

## 2. Реализирани активности наменети за граѓаните на Општината

2.1. Одбележување на значајни меѓународни денови и датуми, поврзани со областа на родовата еднаквост, заштита од дискриминација, човекови права, грижа за женското здравје и слично.

- Октомври е месец наречен „Розов Октомври", бидејќи е посветен на кампањата за подигнување на свеста на жените за борба против ракот на дојка и на истакнување на превенцијата и раното откривање на болестите кај женската популација, бидејќи во раниот стадиум овие болести можат успешно да се излечат. Освен тоа, 18-ти октомври е Светски ден на полесно справување со менопаузата, а 20-ти октомври е Светски ден на остеопорозата. Со редовни прегледи, рекреација, соодветна терапија и исхрана, жените можат да го подобрат квалитетот на својот живот.
- Општината се приклучи и кон кампањата на Обединети нации „Обој го светот во портокалово за 16 дена", а мотото на кампањата за оваа година е „16 дена на активизам за спречување на насилството врз жените и девојчињата". Целта е да се носи облека во портокалова боја, со цел да се одбележи Светскиот ден за борба против насилство врз жените – 25-ти Ноември, бидејќи секое развивање на свесноста за одреден проблем е првиот чекор кон негово искоренување. Кампањата траеше сè до 10 декември – Ден на човековите права.

  Овие датуми беа одбележени со пишување написи на веб-страницата и во општинскиот весник.

2.2. Општината логистички поддржа здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост и заштитата од дискриминација, при организирањето на активностите со обезбедување просторни услови и медиумско промовирање на настаните преку веб-страницата и фан-страницата на Општината, весникот и сл. Општината ги промовираше активностите на невладините организации на нејзина територија „Еднакво учество во општеството за сите!" со објавување текстови со коишто се промовира нивната работа, како и активностите што ги реализираат овие здруженија, меѓу кои е текстот за:

- Фондацијата за поддршка и развој на женско претприемништво „Центар за жени претприемачи" Скопје, која е невладина, непартиска и непрофитна организација и која делува на целата територија на Република Македонија чија основна цел е давање поддршка на жените и младите во нивниот деловен, личен и социјален развој преку промовирање на женското претприемништво, како и поддршка за основање, позиционирање и понатамошен развој на бизнисите на жените и младите.

2.3. Општина Аеродром во текот на 2015 година, организираше повеќе различни видови обуки и работилници од различни области, програми за самовработување, започнување сопствен бизнис, жени претприемачи, обуки за личен раст и развој и слично. Овие обуки беа наменети за сите граѓани на Општината, пред сѐ за невработените лица, а предавачи беа стручни лица од Агенцијата за вработување на РМ и други невладини организации и здруженија. Известувањата за сите овие активности беа проследени и до организациите на жени, со цел што помасовно да се вклучат на обуките. Во тие рамки, се одржа презентација на можностите на потпрограмите на Еразмус+, во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, а беа одржани и неколку Форуми со работодавачи, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување, Националниот совет за претприемништво и конкурентност и УНДП.

2.4. Отворена дисперзирана канцеларија на Агенцијата за вработување на РМ во Општина Аеродром – На 28.04.2015 година, во Општина Аеродром е отворена дисперзирана канцеларија на Центарот за вработување на град Скопје, со цел да се доближат услугите на Агенцијата за вработување на Република Македонија до невработените лица и работодавачите. Локацијата на канцеларијата на Центарот за вработување на град Скопје е на бул. „Јане Сандански“ бр. 48/1-1 (зад Мекдоналдс).

2.5. Во Општина Аеродром е поставен „Тач Скрин“ за граѓаните - Во просториите на Општина Аеродром е поставен екран на допир („тач скрин“) со инсталирана апликација „Моја општина“, преку која граѓаните со кликање на екранот можат да одговорат на прашања поврзани со работата на Општината во поглед на отвореноста, отчетноста и пресретливоста на општинската администрација. Овој „тач скрин“ служи како алатка за општествена одговорност и е инсталиран во соработка со УНДП, како дел од проектот за регионална поддршка. Целта на веб-апликацијата „Моја општина“ е да се зголеми транспарентноста и учеството на граѓаните во развојните платформи на општината. Граѓаните кон веб-апликацијата „Моја општина“ можат да пристапат и од своите домашни компјутери преку веб-страницата www.moja-opstina.mk.

2.6. Презентација за вработување лица од ранливи категории – На 18.06.2015 година во просториите на ООУ „Блаже Конески“ се одржа презентација на активните мерки и програми, коишто се достапни преку Агенцијата за вработување на Република Македонија. Презентацијата беше наменета за информирање на невработените лица, но и за фирмите, кои сакаат да вработат лица од ранливите категории. Општина Аеродром во соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) и во иднина ќе одржува слични настани, со кои ќе се настојува да им се излезе во пресрет на сите засегнати лица.

2.7. Објавување написи на официјалната веб-страница на Општината и во општинскиот весник со цел преку промовирање на Законот за еднакви можности на жените и мажите, граѓаните да се информираат и запознаат со

своите законски права, како и да се запознаат со активностите кои се одвиваат во општината.

2.8. Работилница „Стоп за насилното однесување!" во ООУ „Љубен Лапе" – Целта на работилницата беше да се споделат искуства од примената на инструментите за следење на насилното однесување на учениците. На работилницата присуствуваа раководниот и наставниот кадар од училиштето, а наставниците презентираа активности коишто треба да се практикуваат за превенција од насилно однесување, потоа креираа и презентираа различни видови инструменти за откривање, следење и подобрување на насилното однесување на учениците кои треба да се применуваат во текот на цела учебна година. Преку спроведувањето на вакви работилници, како и споделувањето на искуствата и идеите ќе придонесат за создавање на побезбедна училишна средина за сите присутни во училиштето.

2.9. Бесплатна утринска јога во природа - Во некој од парковите во Општина Аеродром, јога клубот „Тара" повремено организираше бесплатни јога часови, наменет за сите заинтересирани лица без оглед на возраст или пол, но пред сè за жените.

2.10. Бесплатен Зумба фитнес час - Во паркот со авион „Аеродром" во Ново Лисиче, фитнес клубот „Фит уан" во соработка со Општина Аеродром во неколку наврати организираше бесплатни Зумба фитнес часови. Овие забавни часови беа наменети за сите граѓани на Општината, без оглед на возраста и полот, но пред сè за жените.

2.11. Координаторот за еднакви можности на жените и мажите постојано комуницираше со одговорните лица во Министерството за труд и социјална политика, здруженија на граѓани и жени, невладини организации, како и со Комисијата за еднакви можности (КЕМ), која одржа неколку состаноци согласно потребите во текот на работата.

2.12. Координаторот и членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите учествуваа на повеќе обуки, јавни трибини, дебати, конференции, седници на КЕМ во Собранието на РМ, на Советот на Град Скопје и слично, на кои се здобија со информации и знаења во областа на родовата еднаквост.

2.13. Координаторот за еднакви можности на жените и мажите води база на статистички податоци за Општината, разделени според полот и истите на крајот на годината ги ажурира.

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), Градоначалникот наОпштина Аеродром, на ден __________ година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за систематизација на работните места во Општина Аеродром

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници и помошно – технички лица) во Општина Аеродром, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единиции посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

**Член 2**

Работите и задачите што се вршат во Општина Аеродром се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

**Член 3**

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Општина Аеродром.

**Член 4**

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Општина Аеродром е составен дел на овој правилник.

## II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ И ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ

**Член 5**

Во овој правилник, согласно Правилникот за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Аеродром Скопје, број 09-297/2 од 25.08.2015 година, се утврдени и опишани 115 работни места (152 извршители) на административните службеници, од кои поплнети се 65 работни места (96 извршители), како и 8 работни места (15 извршители) на помошно - техничките лица, од кои пополнети се 8 работни места (15 извршители), поточно утрдени и опшани се вкупно 123 работни места (167 извршители) од кои пополнети се вкупно 73 работни места (111 извршители).

| | |
|---|---|
| | управување со квалитетот од страна на врвното раководство, како и чување, дистрибуција и следење на заклучоците од состаноците за преиспитување кои се однесуваат на корективни и превентивни мерки и можности за подобрување;<br>- презема активности за промовирање на свесноста за потребите на клиентите меѓу вработените во институцијата и кај заинтересираните страни;<br>- врши посредување со надворешните страни како клиентите и ревизорите за работи врзани со стандардите и инструментите за управување со квалитетот;<br>- врши планирање, организирање и доставување резултати од ревидирањето на стандардите и инструментите за управување со квалитетот |

| | |
|---|---|
| 1.Сектор за работи на градоначалникот | |
| 1.4.Одделение за општи и организациони работи | |
| **Реден број** | 18 |
| **Шифра** | УПР 01 01 В03 000 |
| **Ниво** | В 3 |
| **Звање** | Соработник |
| **Назив на работно место** | Соработник координатор за еднакви можности на жените и мажите |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Правни науки, Социологија или Организациони науки и управување (менаџмент) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Овозможување на доследна примена на законските прописи од областа на родовата еднаквост во органот |
| **Работни задачи и обврски** | - презема активности за утврдување и унапредување на еднаквите можности помеѓу и жените и мажите;<br>- учествува во подготвувањето на националниот план за акција на еднакви можности;<br>- го реализира и го следи имплементирањето на националниот план;<br>- соработува со здруженијата на работодавците, синдикатот, невладините организации и здруженија на граѓани, активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите;<br>- дава предлози и мислење на докуметација со којашто се утврдуваат еднаквите можности на жените и мажите; |

| | |
|---|---|
| 1.Сектор за работи на градоначалникот | |
| 1.4.Одделение за општи и организациони работи | |

# ЗАПИСНИК

од седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, одржана на ден 23.02.2015 година, со почеток во 16:10 часот

Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на општина Аеродром
Бр. 09-82/4
23.02.2015 год.
СКОПЈЕ

Присутни:
ПРЕТСЕДАТЕЛ: Сања Петровска
ЧЛЕНОВИ: Бошко Стојкоски- отсутен
Мелина Голубовска
Даниела Николова
Саша Гајиќ - отсутен

Дневен ред

1. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештај за реализирани активности од областа на еднаквите можности на мажите и жените во ОА за 2014 година.

На седницата, присутните членови на комисијата го разгледаа Извештајот за реализирани активности од областа на еднаквите можности на мажите и жените во ОА за 2014 година. Со 2 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН присутните членови на Комисијата донесоа заклучок со кој го усвојуваат Извештајот и предлагаат на Советот да го усвои истиот.

Седницата на комисијата заврши во 16:30.

Претседател
Сања Петровска

Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на општина Аеродром
Бр. 09-1401/1
31.03.2015 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

од седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, одржана на ден 31.03.2015 година, со почеток во 16:15 часот

Присутни:

ПРЕТСЕДАТЕЛ: Сања Петровска
ЧЛЕНОВИ: Бошко Стојкоски
Мелина Голубовска
Даниела Николова - отсутна
Саша Гајиќ- отсутен

## Дневен ред

1. Усвојување на Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите Образец од МТСП

Дневниот ред е едногласно усвоен.

Присутните го разгледаа образецот на **Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите** и по дадени појаснувања од страна на координаторот за еднакви можности на ОА, Јелена Пејановиќ, истиот се стави на гласање.

Гласаа: ЗА – 3 гласа ПРОТИВ – нема ВОЗДРЖАНИ-нема
Се констатира дека Извештајот е усвоен.

Седницата на комисијата заврши во 16:30.

Претседател
Сања Петровска

Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на Општина Аеродром
09-495/2
15.12.2015 год.
СКОПЈЕ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ЗАПИСНИК
од седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, одржана на ден 15.12.2015 година, со почеток во 15:15 часот

Присутни:
ПРЕТСЕДАТЕЛ: Сања Петровска
ЧЛЕНОВИ: Бошко Стојкоски
Мелина Голубовска
Даниела Николова - отсутен
Саша Гајиќ - отсутен

Дневен ред

1. Предлог - Програма за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2016 година.

По однос на Програмата реферираше присутниот претставник од општинската администрација и даде одговор и објаснување по однос на поставените прашања.

Комисијата едногласно донесе заклучок со кој ја усвојува Предлог – Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2016 година и предлага на Советот да ја усвои истата.

Седницата на комисијата заврши во 15:30.

Претседател
Сања Петровска